Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО

1 ЈАНУАРИ – 31 ДЕКЕМВРИ 2013 ГОДИНА

**НАКРАТКО**

2013 година е деветта година во работењето на нашата организација и прва од спроведувањето на новата петгодишна стратегија за работењето (2013-2017). Динамичното работење од минатата година продолжи со истото темпо и во 2013 година за што зборуваат следниве сумирани резултати:

- » спроведени се 10 истражувања;
- » мониторирани се 370 јавни тендери;
- » обучени се 350 микропретпријатија, граѓански активисти и локални државни службеници;
- » издадени се 15 публикации (извештаи, прирачници, анализи и брифови за јавни политики) во 5 650 примероци;
- » препорачани се речиси 80 конкретни мерки за потранспарентно работење и за намалување на просторот за корупција;
- » пет од препорачаните предлози за законски измени се усвоени и станаа дел од законската регулатива за јавните набавки;
- » усвоена и во фаза на предлог-закон е нашата препорака за скратување на рокот за одговор на барањата за пристап до информации од јавен карактер;
- » остварена е директна соработка со повеќе од 20 општини и 200 локални државни институции од целата земја;
- » 2 регионални центри за поддршка на микропретпријатијата од источниот и од вардарскиот регион секојдневно им помагаат на околу 300 микропретпријатија полесно да влезат на пазарот на јавните набавки;
- » објавени се повеќе од 100 новинарски текстови за нашите активности и за резултатите од нивното спроведување во голем број медиуми во земјава.

Во 2013 година продолжи редовниот мониторинг на јавните набавки во земјава, со укажување на слабостите и проблемите во системот на јавни набавки и со предлагање мерки за намалување на можностите за злоупотреби и на просторот за корупција. Значајно е што докажаната методологија според која ЦГК веќе шест години го спроведува мониторингот на јавните набавки е преземена и претставува основа за спроведување слични активности, но на регионално ниво, односно во рамките на проект за мониторинг на јавните набавки во земјите од Западен Балкан, кандидатки за членство во ЕУ.

Освен тоа, во рамките на делувањето на полето на јавните набавки, ЦГК ги интензивираше активностите за олеснување на пристапот на малите и микропретпријатијата до јавните набавки, како предуслов за заживување на локалниот економски развој во земјата, но и во насока на препораките на Европската Унија за преземање вакви мерки во земјите членки, но и кандидатки за членство во ЕУ.

Во другата главна област на делување на ЦГК – полето на медиумите, 2013 година е значајна поради серијата активности во насока на зајакнување на истражувачкото новинарство и соработката меѓу медиумите и невладините организации во остварување на нивната заедничка општествена улога. Освен тоа, ЦГК продолжи со редовното асистирање на новинарите во остварувањето на нивното право за слободен пристап до информациите од јавен карактер како алатка за поквалитетно информирање на граѓаните.

Активностите на ЦГК во 2013 година се спроведуваа во рамките на пет проекти, финансиски поддржани од три донатори: УСАИД Македонија, Европската Унија и Фондацијата „Отворено општество – Македонија“.

Подетални информации за проектите, нивното спроведување, резултатите и постигнувањата може да се добијат на **www.ccc.org.mk**, **www.zabavki.mk** и **www.freeinfo.mk**.

**ВИЗИЈА НА ЦГК**

Центарот за граѓански комуникации е докажан општествен чинител во демократизацијата на македонското општество, транспарентното и одговорно владеење и подоброто информирање на граѓаните.

**МИСИЈА НА ЦГК**

Центарот за граѓански комуникации ја развива и ја подобрува комуникацијата помеѓу сите општествени фактори во Македонија за процесите од пошироко значење. Ги мониторира, ги анализира и ги јакне општествените процеси во земјата и во регионот во делот на антикорупцијата и доброто владеење, медиумите и економскиот развој.

**ЗА НАС**

Центарот за граѓански комуникации е формиран во април 2005 година како невладино, непрофитно и непартиско здружение на граѓани. Во своето речиси осумгодишно дејствување, ЦГК ја фокусира својата работа врз две групи од меѓусебно поврзани активности: (1) мониторинг на државните институции и врз основа на тоа, препорачување мерки и политики за унапредување на работењето и за намалување на просторот за корупција и (2) унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите и на невладините организации во борбата против корупцијата.

Во оваа насока, ЦГК досега има изработено и предложено неколку стотини конкретни препораки за преземање мерки за унапредување на регулативата и практиката во насока на потранспарентно, поотчетно и поодговорно работење на централната и на локалните власти. Повеќе од половина од препорачаните мерки се преземени, а десетина препораки за конкретни законски измени се прифатени и се станати дел од важечката законска регулатива. ЦГК има обучено повеќе од 250 новинари од националните и од локалните медиуми за истражување и известување за корупција и повеќе од 500 претставници на невладини организации и на локални државни институции.

Претставници на ЦГК редовно учествуваат на работилници и во експертски групи за креирање стратегии и мерки за борба против корупцијата и за други прашања од областите на делување на ЦГК. Досега се спроведени и објавени десетици истражувања и прирачници за работа за сите засегнати страни од областите на делување на ЦГК.

Активностите на ЦГК се, пред сè, насочени кон вработените во државните институции и органи на централно и на локално ниво, кон новинарите, бизнисмените и нивните здруженија, кон претставниците на невладините организации, како и кон граѓаните на локално и на централно ниво, како крајни корисници на делувањето на организацијата.

Персоналот на ЦГК брои седуммина вработени и неколку постојани соработници – експерти од сферите на делување на ЦГК, а редовно соработува и со други експерти (домашни, регионални и меѓународни). ЦГК има отворено и два регионални центри во Велес и во Штип за поддршка на микропретпријатијата од источниот и од вардарскиот регион.

Органите на управувањето и раководењето на ЦГК г**и** вклучуваат Собранието на здружението, Извршниот одбор и претседателот на здружението.

## ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ

Мониторинг на јавните набавки (2008-2014), финансиски поддржан од УСАИД Македонија во рамките на Проектот за граѓанско општество, во партнерство со ФООМ.

***Преку директно следење на јавните набавки се детектираат основните слабости во спроведувањето на тендерите и се препорачуваат конкретни мерки за надминување на проблемите, на нерационалното трошење на јавните пари и за стеснување на просторот за корупција.***

Во текот на 2013 година:

- Директно се мониторирани 370 тендери спроведени од државни институции на национално и на локално ниво и се објавени седум извештаи со детектирани слабости и простор за злоупотреба и корупција во јавните набавки.
- Препорачани се околу 80 конкретни мерки што треба да се преземат за унапредување на системот на јавни набавки во земјава, било да станува збор за промени во регулативата, било за спроведувањето на јавните набавки.
- Индексот на рационалност, во кој се споредуваат цените по кои различни институции купуваат сосема ист производ или услуга, е изработен за 12 производи/услуги, при што се споредени цените на дури 170 државни институции. Детектираните значајни отстапувања во цените укажуваат на потребата од порационално трошење на јавните пари преку поефикасни набавки, поголемо истражување на пазарот и поголема соработка и комуникација меѓу државните институции.
- Изработени се три анализи од областа на јавните набавки – две на жалбените постапки и една споредбена анализа на казнената политика за сторени прекршоци во јавните набавки.
- Обучени се повеќе од 80 претставници на граѓански организации од цела Македонија за следење на трошењето на јавните пари на локално ниво, како начин за делување врз зголемена транспарентност, отчетност и рационалност при трошењето на јавните пари.

Проект на УСАИД за пристап на микропретпријатијата до јавните набавки (2012-2015), финансиски поддржан од УСАИД Македонија, а спроведуван во партнерство со фондацијата „Фокус“ од Велес и здружението „ЕХО“ од Штип.

***Преку олеснување на влезот и учеството на микропретпријатијата на пазарот на јавни набавки, се придонесува кон нивен поодржлив развој и подобро искористување на потенцијалите за создавање работни места, раст и иновации.***

Во текот на 2013 година:

- На 287 микропретпријатија од 21 општина од источниот и вардарскиот регион им се дадени повеќе од 1 000 асистенции за учество во постапките за јавни набавки што резултира со склучување на 202 договори за јавни набавки во вкупна вредност од 1,8 милини евра.
- Спроведени се 15 обуки за повеќе од 150 микропретпријатија за нивно оспособување за учество на јавните набавки.
- Изработен е и дистрибуиран водич за микропретпријатија за учество во јавните набавки.
- Организирани се дебати во сите поголеми општини од источниот и вардарскиот регион со 140 претставници на локалните институции за мерките што треба да се преземат за поголемо учество на микропретпријатијата во јавните набавки.
- Доставени се за користење до повеќе од 200 локални институции препораки за олеснување на пристапот на микропретпријатијата до јавните набавки кои претходно се заеднички дискутирани и прифатени за употреба.
- Повеќе од половината од договорните органи до 21 општина ги применуваат препораките и преземаат мерки за олеснување на пристапот на микропретпријатијата до јавните набавки.
- Изработен е и дистрибуиран каталог со податоци за повеќе од 200 микропретпријатија вклучени во проектот.
- На специјалната интернет страница **www.zanabavki.mk** објавени се планираните годишни набавки групирани според дејности на повеќе од 200 локални институции од 21 општина од источниот и вардарскиот регион, како и повеќе од 1 500 огласи за јавни набавки на истите институции.
- Организирана е годишна конференција за јавни набавки за повеќе од 100 претставници на микропретпријатија од источниот и вардарскиот регион.
- Разменети се искуства за мерките што се преземаат за поголемо учество на микропретпријатијата во јавните набавки со земји-членки од ЕУ и од соседството.

Проект за истражувачко новинарство и соработка помеѓу медиумите и граѓанскиот сектор, Програма на УСАИД за зајакнување на независните медиуми во Македонија (2013-2016), спроведуван во партнерство со БИРН Македонија (како носител), Скуп Македонија и емисијата КОД.

***Подобрување на соработката меѓу новинарите и граѓанскиот сектор преку заеднички дебати и работилници и придонес кон понезависни истражувачки новинарски приказни преку обезбедување грантови и менторство за истражувачките новинари.***

Во текот на 2013 година:

- Организирани се серија работилници со новинари и со претставници на невладини организации за детектирање на најважните прашања од поширок општествен интерес за кои се потребни поголема соработка меѓу НВОи и медиумите и поквалитетно информирање на граѓаните.
- Спроведен е мониторинг на начинот на кој медиумите известуваат за десетте прашања од поширок општествен интерес одредени од страна на НВОи и новинарите.
- Обработени се резултатите од мониторингот и изработена е анализа со препораки за подобрување на начинот на кој медиумите известуваат за најважните прашања од поширок општествен интерес.
- Десетина новинари се поддржани (финансиски и преку менторство) при изработката на нивните истражувачки приказни на теми од поширок општествен интерес.

Кон ефикасни механизми за јавни набавки кај (потенцијалните) земји кандидатки за членство во ЕУ (2013-2014), регионален ИА проект финансиски поддржан од ЕУ, се спроведува во партнерство пет невладини организации од Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Словачка.

***Засилување на притисокот од граѓанското општество врз владите на Западниот Балкан да ги елиминираат слабостите во процесот на создавањето ефикасен систем на јавни набавки и да бидат одговорни при трошењето на јавните пари и  воспоставување комуникација со засегнатите страни и јавноста со цел да се зголеми разбирањето за барањата и условите на ЕУ во сферата на јавните набавки.***

Во текот на 2013 година:

» Изработена е заедничка методологија за истражување на начинот на кој се спроведуваат јавните набавки во земјите од Западен Балкан (потенцијални) кандидатки за членство во ЕУ (Македонија, Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина).
» Спроведено е обемно истражување за обемот на јавните набавки, законската и институционалната рамка, проценка на ризиците од корупција, препораки за унапредување и споредба со практиките во земји-членки на ЕУ за секоја од земјите-учеснички во проектот.
» Изработена е веб платформа со споредбени информации за системите на јавни набавки со земјите од Западен Балкан **www.balkantenderwatch.eu**.
» Организирана е регионална конференција „Кон ефикасни јавни набавки во Западен Балкан“ за презентирање на резултатите од истражувањето и подобро разбирање на евроинтегративниот процес во делот на јавните набавки.

Пристапот до информации – извор за поквалитетно информирање (2012-2013), финансиски поддржан од Европската Унија, а спроведен во партнерство со Access Info Europe од Шпанија и „БИРН Македонија“.

***Им се овозможува на новинарите од Македонија повеќе и поефективно да ги користат информациите од јавен карактер во насока на унапредување на квалитетот на информирањето на граѓаните и промовирање на слободата на изразувањето и независноста на медиумите.***

Во периодот јануари – март 2013 година:

- » Одржана е завршна дебата со повеќе од 40 претставници на сите вклучени страни (новинари, институции, домашни и странски организации) за предлог-препораките за надминување на слабостите во користењето на слободниот пристап до информациите од јавен карактер од новинарите.
- » На група од 12 истражувачки новинари им беше овозможена студиска посета на Бугарија за запознавање со тамошните искуства и практики во примената на правото за слободен пристап од новинарите.
- » Изработен е и доставен до надлежните институции Бриф за јавни политики за Предлози за измени на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер.
- » Клучната препорака за скратување на рокот за одговор на барањата за пристап до информациите од јавен карактер е усвоена од Министерството за правда и од Комисијата за остварување на правото за слободен пристап и во форма на предлог-закон е доставена на усвојување во Собранието на РМ во прва фаза.
- » Секојдневно се асистираат новинари при поднесување на барања за слободен пристап до информациите од јавен карактер.